СОЈУЗ НА ДЕФЕКТОЛОЗИ
на Република Македонија

До
Министерство за образование и наука
Сектор за основно и средно образование

**Предмет: Регулирање на менторството на дефектолозите во редовните училишта**

Почитувани,
Сојузот на дефектолози на Р.Македонија реагира по однос на назначување педагози како ментори на дефектолози приправници во редовните училишта. Дефектологот како професија и профил е значително различна од педагогот и опфаќа специфичности во работата со деца со попреченост, за кои другите стручни соработници не се едуцирани и остручени. Инклузијата како процес е доста комплексен и се уште во развој во нашата земја, и истиот бара професионален пристап во поставување на системот. Дополнителна тежина носи и пристапот кој се користи за вработување на еден (мобилен) дефектолог кој ги покрива сите училишта на територија на дадената општина. Приправниците дефектолози имаат реална потреба од практична помош и насочување во работата, од некој кој веќе има искуство во таа област.

Од информациите со кои располагаме како Сојуз, честа практика во основните училишта е назначување на педагози за ментори на новвработени дефектолози. По дефиниција, менторот треба да има повеќе знаење и искуство од приправникот, со цел да го насочи кон поефективно извршување на своите работни задачи. Во член 85 став 8 од Законот за основно образование стои: Менторот на приправникот му подготвува програма која вклучува методска, дидактичка и друга подготовка потребна за оспособување на наставникот и за полагање на испит. Со вработување на профилот-дефектолог во редовните училишта веќе се направи одредена маса, од која може да се назначуваат ментори на дефектолозите приправници.
Сметаме дека опишаната ситуација бара сериозен пристап од релевантните институции во решавање на ова прашање. Понатаму, сметаме дека е потребно да се прати допис до одделите за образование во сите општини, кои понатаму ќе ја регулираат состојбата со менторството во училиштата, според Вашиот допис.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

Скопје, 31.08.2015 год

Претседател на Сојуз на дефектолози на Р.М

**Горан Петрушев**

СДМ
+389 02/ 3166-131 лок.23
ул.11 Октомври 42а
ДХО „Даре Џамбаз“1000 Скопје
ж-сметка : 300000000172987
sojuz_defektolozi@yahoo.com
www.sojuznadefektolozi.org